Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ПРЕДЛАГАЧ:

Влада на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ:

м-р Крешник Бектеши, министер за економија,

Зоран Маневски, заменик на министерот за економија

ПОВЕРЕНИЦИ:

м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија

Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија

PROPOZUES:

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

PËRFAQËSUES:

Mr Kreshnik Bekteshi, Ministër i Ekonomisë

Zoran Manevski, Zëvendësministër i Ekonomisë

TË BESUARIT:

Mr Razmena Çekiq- Duroviq, Sekretare shtetërore në Ministrinë e Ekonomisë

Biljana Mickovska, Udhëheqëse e sektorit në Ministrinë e Ekonomisë

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСТАНОВИТЕ

# PROPOZIM-LIGJI

# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË INSTITUCIONEVE

Скопје, септември 2021

Shkup, shtator 2021

| ВОВЕД: | HYRJE: |
|---|---|
| I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ | I. VLERËSIM I GJENDJEVE NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME LIGJIN DHE ARSYET PËR MIRATIMIN E LIGJIT |
| Јавните установи се регулирани со Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11).<br><br>Установа е форма на организирање заради вршење на јавна услуга како дејност која не е подведена под трговска дејност утврдена со закон(нестопанска дејност) и која може со закон да биде утврдена како дејност од јавен интерес.<br><br>Установата може да биде јавна, приватна и мешовита.<br><br>Јавна установа може да основа Република Северна Македонија со средства во државна сопственост како државна (национална) установа, општина или градот Скопје со средства во сопственост на општината, односно градот Скопје како општинска јавна установа, односно јавна установа на градот Скопје (во натамошниот текст: јавна установа). Приватна установа (во натамошниот текст: приватна установа) може да основа домашно и странско правно и физичко лице со средства во приватна сопственост. Мешовита установа може да основа Република Северна Македонија со средства во државна сопственост, општина или градот Скопје со средства во сопственост на општината, односно градот Скопје и домашно и странско правно и физичко лице со средства во приватна сопственост. Сооснивачите на мешовита установа стекнуваат основачки удел во установата<br><br>Органи на установите се:<br><br>- Управен одбор (орган на управување),<br>- Директор,<br>- Орган за внатрешна контрола (орган за надзор) и | Institucionet publike janë të rregulluara me Ligjin e Institucioneve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/05, 120/05 dhe 51/11).<br><br>Institucion është formë organizimi për kryerjen e shërbimit publik si veprimtari e cila nuk i nënshtrohet veprimtarisë tregtare të përcaktuar me ligj (veprimtari jotregtare) dhe e cila me ligj mund të përcaktohet si veprimtari me interes publik.<br><br>Institucioni mund të jetë publik, privat dhe i përzier.<br><br>Institucion publik mund të formojë Republika e Maqedonisë së Veriut me fonde në pronësi shtetërore si institucion shtetëror (nacional), komunë ose Qytet i Shkupit me fonde në pronësi të komunës, respektivisht Qyteti i Shkupit si institucion publik komunal, respektivisht institucion publik i Qytetit të Shkupit (në tekstin e mëtejmë: institucion publik). Institucion privat (në tekstin e mëtejmë: institucion privat) mund të themelojë edhe personi juridik dhe fizik vendor dhe të huaj me fonde në pronësi private. Institucion i përzier mund të themelojë Republika e Maqedonisë së Veriut me fonde në pronësi shtetërore, ndonjë komunë ose Qyteti i Shkupit me fonde në pronësi të komunës, respektivisht Qyteti i Shkupit dhe ndonjë person juridik apo fizik vendor dhe i huaj me fonde në pronësi private. Bashkëthemeluesit e institucionit të përzier fitojnë pjesëmarrje themelore në institucion<br><br>Organet e institucioneve janë:<br><br>- Bordi Drejtues (organi drejtues),<br>- Drejtori,<br>- Organi i kontrollit të brendshëm (organi mbikëqyrës) dhe<br>- organet e tjera të përcaktuara me ligj dhe statutin |

| | |
|---|---|
| - други органи утврдени со закон и статутот на установата. | e institucionit. |
| Ако со друг закон поинаку не е определено, органот на управување на установата го сочинуваат претставници на основачот и најмалку една третина од членовите - претставници на стручниот орган доколку со закон е пропишано да се формира таков орган во установата. Органот на управување има најмалку три, а најмногу 15 члена. Бројот, составот, начинот на избор на членовите, траењето на мандатот, надлежноста и начинот на одлучувањето на органот на управување се уредуваат со закон и статутот на установата. | Nëse nuk parashikohet ndryshe me ndonjë ligj tjetër, organin drejtues të institucionit e përbëjnë përfaqësues të themeluesit dhe së paku një e treta e anëtarëve - përfaqësues të organit profesional nëse me ligj parashihet që të formohet një organ i tillë brenda institucionit. Organi drejtues ka më së paki tre, ndërsa më së shumti 15 anëtarë. Numri, përbërja, mënyra e përzgjedhjes së anëtarëve, kohëzgjatja e mandatit, kompetencat dhe mënyra e vendimmarrjes së organit drejtues rregullohen me ligj dhe statutin e institucionit. |
| За претседател и член на орган на управување, односно директор на јавна установа не може да биде именувано лице на кое со правосилна одлука му е изречена казна затвор заради кражба, измама, издавање на чек без покритие, злоупотреба на довербата, фалсификат, лажна изјава дадена под заклетва, освен ако му биде избришана осудата, лице на кое со судска пресуда му е забрането вршење на јавна услуга, како и лице кое било член на орган на управување или носител на раководна функција во установа од јавен интерес која престанала со стечај. Неспојливи се функцијата претседател и член на орган на управување, односно директор на јавна установа со функциите претседател и членови на Владата на Република Северна Македонија, како и со функциите градоначалник на општина, односно на градот Скопје. | Për kryetar dhe anëtar të institucionit, ose drejtor i institucionit publik nuk mund të emërohet personi të cilit me vendim të plotfuqishëm i është shqiptuar dënim me burg për vjedhje, mashtrim, lëshim të çekut pa mbulim, abuzim me besimin, falsifikim, deklaratë të rreme të dhënë pas betimit, vetëm nëse i fshihet dënimi, personi të cilit i është ndaluar me vendim gjyqësor kryerja e shërbimit publik, si dhe personi që ka qenë anëtar i organit drejtues ose bartës i funksionit udhëheqës në institucion me interes publik që ka shkuar në falimentim. inkompaktibil janë funksioni i kryetarit dhe anëtarit të organit drejtues, respektivisht drejtorit të institucionit publik me funksionet e kryetarit dhe anëtarëve të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, si dhe me funksionet kryetar i komunës, respektivisht i Qytetit të Shkupit. |
| За вршење внатрешна контрола на работењето на установата се формира орган за надзор. Органот за надзор има најмалку три, а најмногу пет члена кои ги именува, односно разрешува основачот. За членови на органот за надзор можат да се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од областа на дејноста што ја врши установата. Одредбите за избор на членови на органот на управување се однесуваат и на членовите на органот за надзор. | Për kryerjen e kontrollit të brendshëm të punës së institucionit formohet organ për mbikëqyrje. Organi mbikëqyrës ka më së paku tre, ndërsa më së shumti pesë anëtarë të cilët i emëron, respektivisht shkarkon themeluesi. Si anëtar të organit mbikëqyrës mund të emërohen persona që nuk kanë marrëdhënie pune në institucion, kanë arsim të lartë dhe kanë njohuri dhe përvojë, veçanërisht në fushën e veprimtarisë që e kryen institucioni. Dispozitat për përzgjedhjen e anëtarëve të organit drejtues u referohen edhe anëtarëve të organit mbikëqyrës. |
| Установата може да има стручен орган кога тоа со | Institucioni mund të ketë organ profesional kur ajo përcaktohet me ligj. Përbërja, mënyra e formimit dhe |

| | |
|---|---|
| закон е пропишано. Составот, начинот на формирањето и надлежноста на стручниот орган се утврдуваат со статутот на установата во согласност со закон.<br><br>Одредбите на Закон за установите имаат супсидиерна примена и се применуваат доколку со друг закон поинаку не е уредено. Законот за установите содржи услови за назначување на членови на органи на управување, директори, членови на органите за надзор, како и упатувачки одредби за формирање и надлежност на стручни органи. Сепак условите за назначување на членови на органи на управување и органи за надзор се премногу општи и не се поврзани со самата надлежност на јавните установи. Во однос на назначувањето на овие лица, недостасува мерит процедура, односно не е регулирана постапка за избор на најдобар кандидат, во случаи кога има повеќе кандидати за една позиција. Во однос на разрешувањето, законот содржи услови за разрешување како на директорите на јавните установи, така и на членовите на органите на управување и органите за надзор.<br><br>Детектирани слабости се: дискреционо одлучување за бројот на членови на управните одбори кај дел од основачите на јавни претпријатија, нетранспарентна постапка за нивно именување, не постои воедначеност во однос на број на членови на управниот одбор и надзорниот одбор, видот на образованието кое треба да го имаат членовите, работното искуство по дипломирање, надоместокот кој се исплаќа. | kompetenca e organit profesional përcaktohen nga statuti i institucionit në përputhje me ligjin.<br><br>Dispozitat e Ligjit të Institucioneve kanë zbatim supsidiar dhe zbatohen nëse nuk rregullohet ndryshe me ndonjë ligj tjetër. Ligji i Institucioneve përmban kushte për emërimin e anëtarëve të organeve drejtuese, drejtorëve, anëtarëve të organeve mbikëqyrëse, si dhe dispozita udhëzuese për formim dhe kompetencë të organeve profesionale. Megjithatë, kushtet për emërimin e anëtarëve të organeve drejtuese dhe organeve mbikëqyrëse janë shumë të përgjithshme dhe nuk lidhen me vetë kompetencën e institucioneve publike. Sa i përket emërimit të këtyre personave, mungon procedurë merite, respektivisht nuk është e rregulluar procedura për përzgjedhjen e kandidatit më të mirë, në rastet kur ka më shumë kandidatë për një pozitë. Sa i përket shkarkimit, ligji përmban kushte për shkarkimin si të drejtorëve të institucioneve publike, ashtu edhe të anëtarëve të organeve drejtuese dhe organeve mbikëqyrëse.<br><br>Dobësitë e detektuara janë: vendimi diskrecional për numrin e anëtarëve të bordeve drejtuese te një pjesë e themeluesve të ndërmarrjeve publike, procedura jotransparente për emërimin e tyre, nuk ekziston njëtrajtshmëri sa i përket numrit të anëtarëve të bordit drejtues dhe atij mbikëqyrës, lloji i arsimit që duhet ta kenë anëtarët, përvoja e punës pas diplomimit, kompensimi i cili paguhet. |
| II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА | II. QËLLIME, PARIME DHE ZGJIDHJE THEMELORE |
| Целта на овие измени на Законот за јавните установи е да се воспостави мерит процедура за селекција и назначување на членови на управните и на надзорните одбори во јавните установи. Воведува транспарентност во постапката за пријавување и селекција. Дополнително законот го намалува бројот на членови на управни и надзорни одбори, како и утврдува профил на лица кои можат | Qëllimi i këtyre ndryshimeve në Ligjin e Institucioneve Publike është vendosja e procedurave meritore për përzgjedhjen dhe emërimin e anëtarëve të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse në institucionet publike. Vendos transparencë në procedurën për paraqitje dhe përzgjedhje. Në mënyrë plotësuese, ligji e zvogëlon numrin e anëtarëve të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse, si dhe përcakton profilin e personave që |

| | |
|---|---|
| да бидат членови на управни и на надзорни одбори. | mund të jenë anëtarë të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse. |
| III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | III.VLERËSIM I PASOJAVE FINANCIARE NGA PROPOZIM LIGJI NË BUXHETIN DHE MJETET TJERA PUBLIKE FINANCIARE |
| Со оглед на тоа што со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните установи се предлага намалување на бројот на членови на управни и надзорни одбори, законот нема да бара никакви дополнителни средства од Буџетот на Република Северна Македонија. | Duke pasur parasysh se me ndryshimet e propozuara në Ligjin e Institucioneve Publike propozohet zvogëlim të numrit të anëtarëve të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse, ligji nuk do të kërkojë fonde shtesë nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut. |
| IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ | IV. VLERËSIM I MJETEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRËN E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNA PËR ATË NËSE ZBATIMI I LIGJIT TËRHEQ DETYRIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË CAKTUARA |
| За спроведување на овој закон, не се потребни дополнителни финансиски средства. | Për zbatimin e këtij ligji, nuk nevojiten mjete shtesë financiare. |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСТАНОВИТЕ

Член 1

Во Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11), членот 42 се менува и гласи:

„Ако со друг закон поинаку не е определено, органот на управување на установата го сочинуваат претставници на основачот и најмалку една третина од членовите - претставници на стручниот орган доколку со закон е утврдено да се формира таков орган во установата.

Органот на управување на установата има најмалку три, а најмногу 15 члена.

Органот на управување на јавната установа има најмалку три, а најмногу пет члена именувани од страна на основачот.

За член на органот на управување на јавна установа може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование во соодветната област и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Покрај општите услови од ставот 4 на овој член, членовите на органот на управување во јавната установа избрани од основачот треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавната установа, согласно Националната класификација на дејностите, публикувана од

PROPOZIM LIGJ PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË INSTITUCIONEVE

Neni 1

Në Ligjin e Institucioneve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/05, 120/05 dhe 51/11), neni 42 ndryshohet dhe në të thuhet:

"Nëse nuk parashikohet ndryshe me ndonjë ligj tjetër, organin drejtues të institucionit e përbëjnë përfaqësues të themeluesit dhe së paku një e treta e anëtarëve - përfaqësues të organit profesional nëse me ligj është përcaktuar që të formohet organ i tillë brenda institucionit.

Organi drejtues i institucionit ka më së paku tre, ndërsa më së shumti 15 anëtarë.

Organi për udhëheqjen e institucionit publik ka më së paku tre, ndërsa më së shumti pesë anëtarë të emëruar nga ana e themeluesi.

Si anëtarë i organit për udhëheqjen e institucionit publik mund të emërohet personi që i përmbush këto kushte:

- është shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut,
- ka të paktën 240 kredi EKTS ose ka të përfunduar arsimin e shkallës VII/1 në fushën përkatëse dhe
- në momentin e emërimit me aktgjykim fuqiplotë gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës për ndalesë të kryerjes së profesionit, aktivitetit ose detyrës.

Krahas kushteve të përgjithshme nga paragrafi 4 i këtij neni, anëtarët e organit drejtues në institucionin publik të zgjedhur nga themeluesi duhet të kenë përvojë pune adekuate, edhe atë:

- të paktën një anëtar i organit drejtues duhet të ketë të paktën pesë vjet përvojë pune në fushën e veprimtarisë së institucionit publik, sipas Klasifikimit Nacional të Aktiviteteve, të publikuar nga ana e Entit

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

| | |
|---|---|
| страна на Државниот завод за статистика, | Shtetëror të Statistikës, |
| - најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиското работење и | - të paktën një anëtar i organit drejtues duhet të ketë të paktën tre vjet përvojë pune në fushën e punës financiare dhe |
| - најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи. | - të paktën një anëtar i organit drejtues duhet të ketë të paktën tre vjet përvojë pune në fushën e çështjeve juridike. |
| Бројот, составот, начинот на избор на членовите, траењето на мандатот, надлежноста и начинот на одлучувањето на органот на управување во јавната установа поблиску се уредуваат со закон, одлука и статутот на установата.“ | Numri, përbërja, mënyra e përzgjedhjes së anëtarëve, kohëzgjatja e mandatit, kompetencat dhe mënyra e vendimmarrjes së organit drejtues në institucionin publik më afër rregullohen me ligj, vendim dhe statutin e institucionit." |
| Член 2 | Neni 2 |
| По членот 42 се додаваат два нови члена 42-а и 42-б, кои гласат: | Pas nenit 42, shtohen dy nene të reja 42-a dhe 42-b, në të cilat thuhet: |
| „Член 42-а | "Neni 42-a |
| За именување на членови на органот на управување во јавната установа основачот распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови.Јавниот повик се објавува на веб страната на основачот и на веб страната на јавната установа за која е распишан јавниот повик. | Për emërimin e anëtarëve të organit drejtues në institucionin publik, themeluesi shpall thirrje publike për regjistrimin e personave të interesuar, tre muaj para skadimit të mandatit të anëtarëve ekzistues. Thirrja publike publikohet në faqen e internetit të themeluesit dhe në faqen e internetit të institucionit publik për të cilin është shpallur thirrja publike. |
| Јавниот повик од ставот 1 на овој член, особено содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети од член 42 од овој закон. | Thirrja publike nga paragrafi 1 i këtij neni duhet të përmbajë në veçanti të dhëna për kushtet që duhet të plotësohen sipas nenit 42 të këtij ligji. |
| На јавниот повик од ставот 1 на овој член, може да се пријават сите заинтересирани кандидати, а со пријавата доставуваат и документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик. | Në thirrjen publike nga paragrafi 1 i këtij neni, mund të paraqiten të gjithë kandidatët e interesuar, ndërsa me aplikimin e dorëzojnë dokumentacionin me të cilin konfirmojnë se i plotësojnë kushtet e thirrjes publike. |
| Содржината на јавниот повик од став 1 на овој член, начинот на поднесување на пријавата, формата и содржината на пријавата, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување членови на органот на управување во јавната установа се уредуваат со посебен закон, односно одлука на основачот на | Përmbajtja e thirrjes publike nga paragrafi 1 i këtij neni, mënyra e dorëzimit të paraqitjes, forma dhe përmbajtja e paraqitjes, mënyra e vlerësimit dhe përzgjedhjes së kandidatëve, si dhe çështje të tjera që lidhen me zbatimin e procedurës për emërimin e anëtarëve të organit drejtues në institucionin publik rregullohen me ligj të veçantë, respektivisht me vendim të themeluesit të institucionit publik dhe me |

| | |
|---|---|
| јавната установа и со статутот на јавната установа. | statutin e institucionit publik. |
| Доколку основачот на јавната установа го распушти органот на управување во јавната установа, согласно член 58 од овој закон, до именување на нови членови согласно постапката за именување од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член, може да назначи вршители на должност членови на органот на управување во јавната установа кои ги исполнуваат законските услови за членови. | Nëse themeluesi i institucionit publik e shpërbën organin drejtues në institucionin publik, në përputhje me nenin 58 të këtij ligji, deri në emërimin e anëtarëve të ri në përputhje me procedurën e emërimit nga paragrafët 1, 2, 3 dhe 4 të këtij neni, mund të emërojë ushtrues detyre anëtarë të organit drejtues në institucionin publik që i plotësojnë kushtet ligjore për anëtarë. |
| Вршителите на должност членови на орган на управување во јавната установа ја вршат функцијата се до именувањето нови членови, но не подолго од шест месеци од денот на нивното назначување. | Ushtruesit e dytës anëtarë të organit drejtues në institucionin publik do të kryejnë funksionin deri në emërimin e anëtarëve të ri, por jo më gjatë se gjashtë muaj nga dita e emërimit të tyre. |
| Член 42 - б | Neni 42-b |
| Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови на орган на управување во јавната установа имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно Законот за управни спорови.“ | Kandidatët e pakënaqur nga procedura e përzgjedhjes së anëtarëve të organit drejtues në institucionin publik kanë të drejtë të inicojnë kontest administrativ në gjykatën kompetente në përputhje me Ligjin e Kontesteve Administrative. " |
| Член 3 | Neni 3 |
| Во членот 43 ставот 2 се брише. | Në nenin 43, paragrafi 2 fshihet. |
| По ставот 3 кој станува став 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5, кои гласат: | Pas paragrafit 3, i cili bëhet paragrafi 2, shtohen tre paragrafë të ri 3, 4 dhe 5, në të cilët thuhet: |
| „Членовите на органот на управување на јавната установа имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на органот на управување на јавната установа. | "Anëtarët e organit drejtues të institucionit publik kanë të drejtë të kompensimit mujor për punën e tyre, bazuar në praninë e seancave të organit drejtues të institucionit publik. |
| Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на органот на управување на јавната установа поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година. | Kompensimi i përgjithshëm mujor i kryetarit dhe anëtarëve të organit drejtues të institucionit publik individualisht, nuk guxon ta tejkalojë shumën e gjysmës së pagës mesatare neto të të punësuarve në institucionin publik të paguar vitin e kaluar. |
| Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на органот на управување во јавната установа со одлука го | Shuma e kompensimit mujor për kryetarin dhe anëtarët e organit drejtues në institucionin publik përcaktohet me vendim të themeluesit të institucionit |

| | |
|---|---|
| утврдува основачот на јавната установа." | publik. " |
| Член 4<br><br>Член 54 се менува и гласи:<br><br>„За вршење контрола на материјално - финансиското работење на установа се формира орган за надзор.<br>Органот за надзор на установата има најмалку три, а најмногу пет члена кои ги именува, односно разрешува основачот.<br>За членови на органот за надзор на установата се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од областа на дејноста што ја врши установата.<br>Органот за надзор во јавната установа е составен од три члена.<br>За член на органот за надзор во јавната установа може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:<br><br>- е државјанин на Република Северна Македонија,<br><br>- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста што ја врши јавната установа и<br><br>- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.<br><br>Освен условите од ставот 5 на овој член, членовите на органот за надзор на јавната установа треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:<br>- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење,<br><br>- еден член треба да има најмалку пет години | Neni 4<br><br>Neni 54 ndryshohet dhe në të thuhet:<br><br>"Për realizimin e kontrollit materialo-financiar të institucionit formohet organ mbikëqyrës.<br>Organi mbikëqyrës i institucionit ka më së paku tre, ndërsa më së shumti pesë anëtarë të cilët i emëron, respektivisht shkarkon themeluesi.<br>Si anëtar të organit mbikëqyrës të institucionit emërohen persona që nuk kanë marrëdhënie pune në institucion, kanë arsim të lartë dhe kanë njohuri dhe përvojë, veçanërisht në fushën e veprimtarisë që e kryen institucioni.<br>Organi mbikëqyrës në institucionin publik përbëhet nga tre anëtarë.<br>Si anëtarë i organit mbikëqyrës në institucionin publik mund të emërohet personi që i përmbush këto kushte:<br><br>- është shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut,<br><br>- ka të paktën 240 kredi sipas EKTS ose ka përfunduar shkallën VII/1 të arsimit në fushën e shkencave juridike, shkencave ekonomike ose në fushën e veprimtarisë që e kryen institucioni publik dhe<br><br>- në momentin e emërimit me aktgjykim fuqiplotë gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës për ndalesë të kryerjes së profesionit, aktivitetit ose detyrës<br><br>Krahas kushteve nga paragrafi 5 i këtij neni, anëtarët e organit mbikëqyrës të institucionit publik duhet të kenë përvojë pune adekuate, edhe atë:<br>- një anëtar duhet të ketë të paktën pesë vite përvojë pune në fushën e punës financiare, |

| | |
|---|---|
| работно искуство од областа на правните работи и | -një anëtar duhet të ketë të paktën pesë vite përvojë pune në fushën e punëve juridike, |
| - еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавната установа, согласно Националната класификација на дејностите, публикувана од страна на Државниот завод за статистика. | - një anëtar duhet të ketë të paktën pesë vjet përvojë pune në fushën e veprimtarisë së institucionit publik, në përputhje të Klasifikimit Nacional të Aktiviteteve, të publikuar nga ana e Entit Shtetëror të Statistikës, |
| Во постапката за именување на членови на органот за надзор во јавната установа соодветно се применуваат одредбите од членовите 42-а и 42-б од овој закон, кои се однесуваат на постапката за именување на членови на орган на управување во јавна установа. | Në procedurën e emërimit të anëtarëve të organit mbikëqyrës në institucionin publik, në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat e neneve 42-a dhe 42-b të këtij ligji, të cilët i referohen procedurës së emërimit të anëtarëve të organit drejtues në institucionin publik. |
| Претседателот и членовите на органот за надзор на јавната установа, за секоја седница на органот за надзор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година. | Kryetari dhe anëtarët e organit mbikëqyrës të institucionit publik, për çdo seancë të organit mbikëqyrës në të cilën kanë marrë pjesë, kanë të drejtë të kompensimit deri në një të tretën e pagës mesatare neto të të punësuarve në institucionin publik të paguar në vitin e kaluar. |
| Висината на надоместокот од став 8 на овој член, со одлука го утврдува основачот на јавната установа. | Lartësia e kompensimit nga paragrafi 8 i këtij neni përcaktohet me vendim të themeluesit të institucionit publik. |
| Одредбите на членот 43 ставовите 1 и 2 од овој закон, соодветно се применуваат и на членовите на органот за надзор на јавната установа.“ | Dispozitat e nenit 43, paragrafët 1 dhe 2 të këtij ligji zbatohen në mënyrë përkatëse edhe për anëtarët e organit mbikëqyrës të institucionit publik. " |
| Член 5 | Neni 5 |
| Постапките за именување на членови на органите на управување и органите за надзор на јавните установи, започнати до денот на отпочнување со примена на овој закон, ќе завршат согласно законот по кој биле започнати. | Procedurat për emërimin e anëtarëve të organeve drejtuese dhe organeve mbikëqyrëse të institucioneve publike, të filluara deri në ditën e fillimit me zbatimin e këtij ligji, do të përfundojnë në përputhje me ligjin sipas të cilit janë nisur. |
| Член 6 | Neni 6 |
| Членовите на органите на управување и на органите за надзор на јавните установи, именувани до денот на отпочнување со примена на овој закон, продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани. | Anëtarët e organeve drejtuese dhe organeve mbikëqyrëse të institucioneve publike, të emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji, do të vazhdojnë të kryejnë funksionin e tyre deri në skadimin e mandatit për të cilin janë emëruar. |
| Член 7 | Neni 7 |
| Законите, одлуките, подзаконските акти, како и статутите на јавните установи, ќе се усогласат со | |

| | |
|---|---|
| овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.<br><br>Член 8<br>Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. | Ligjet, vendimet, aktet nënligjore, si dhe statutet e institucioneve publike, do të harmonizohen me këtë ligj brenda gjashtë muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.<br>Neni 8<br>Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërsa do të fillojë të zbatohet brenda gjashtë muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji. |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

| ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСТАНОВИТЕ | ARSYETIMI I PROPOZIM LIGJIT PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË INSTITUCIONEVE |
|---|---|
| Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за установите се врши доуредување на одредбите со кои се оптимизира бројот на членови во управни и надзорни одбори во јавните установи и се воведуваат критериуми за вид на образование и компетенции при именувањето на членови на управните и надзорните одбори. Исто така се воведува транспарентност во постапката за именување и можност за пријавување на повеќе заинтересирани кандидати за секое место.<br><br>Целта на подготовката на предложените измени е создавање соодветна правна рамка за подетално регулирање на критериумите за членови во управни и надзорни одбори во јавните установи во насока на обезбедување на квалитетно и ефикасно управување во интерес на граѓаните и нивните потреби. | Me propozim-ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Institucioneve bëhet rregullimi i dispozitave me të cilat optimizohet numri i anëtarëve në bordet drejtuese dhe mbikëqyrëse në institucionet publike dhe aplikohen kritere për llojin e arsimimit dhe kompetencave gjatë emërimit të anëtarëve të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse. Gjithashtu aplikohet transparencë në procedurën e emërimit dhe mundësinë për të aplikuar më shumë kandidatë të interesuar për secilin vend.<br><br>Qëllimi i përgatitjes së ndryshimeve të propozuara është krijimi i një kornize përkatëse ligjore për rregullimin më të detajuar të kritereve për anëtarët e bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse në institucionet publike në mënyrë që të sigurohet menaxhim cilësor dhe efikas në interes të qytetarëve dhe nevojave të tyre |
| I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ<br><br>Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за установите се врши измена и дополнување на одредбите во законот кои се однесуваат на бројот на членови на управни и надзорни одбори на јавните установи, постапката за селекција и именување, како и условите во делот на образованието и работно искуство што треба да ги исполнуваат заинтересираните кандидати за членови на управни и надзорни одбори на јавни установи.<br>Со членот 1 се менува членот 42 со кој дефинира бројот на членови на управни одбори во јавната установа, видот на образование и работно искуство што треба да го исполнуваат членовите на управен одбор и времетраењето на мандатот.<br>Со членот 2 се предвидува додавање на два нови членови во Законот и тоа член 42-а и 42-б.<br>Во членот 42-а се предвидува воведување обврска основачот на јавната установа да објави јавен повик за заинтересирани кандидати за членови на управен одбор. Јавниот повик се објавува на веб страната на основачот на јавната установа и веб страната на јавната установа. Се утврдува рокот за објавување на јавниот повик. Исто така во овој член е | I. SQARIMI I PËRMBAJTJES SË DISPOZITAVE TË PROPOZIM-LIGJIT<br><br>Me propozim-ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Institucioneve bëhet ndryshimi dhe plotësimi i dispozitave në ligjin që i referohen numrit të anëtarëve të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse të institucioneve publike, procedurës së përzgjedhjes dhe emërimit, si dhe kushtet në fushën e arsimit dhe përvojës së punës që duhet përmbushur nga kandidatët e interesuar për anëtarë të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse të institucioneve publike.<br><br>Me nenin 1 ndryshohet neni 42 me të cilin definohet numri i anëtarëve të bordeve drejtuese në institucionin publik, llojin e arsimimit dhe përvojën e punës që duhet ta përmbushin anëtarët e bordit drejtues dhe kohëzgjatjen e mandatit.<br>Me neni 2 parashihet shtimi i dy neneve të ri në këtë Ligj, edhe atë neni 42-a dhe 42-b.<br>Në nenin 42-a parashihet aplikimi i detyrimit që themeluesi i institucionit publik të shpallë thirrje publike për kandidatët e interesuar për anëtarë të bordit drejtues. Thirrja publike publikohet në faqen e internetit të themeluesit të institucionit publik dhe në faqen e internetit të institucionit publik. Përcaktohet afati për shpalljen e thirrjes publike. Gjithashtu, në |

| | |
|---|---|
| предвидена измена на сите закони/одлуки со кои се основани посебните јавни установи, како и статути на јавните установи за подетално прецизирање на содржината на јавниот повик, како и постапката за селекција и именување.<br>Во член 42-б се упатуваат незадоволните кандидати на поведување на управен спор согласно Законот за управни спорови.<br>Во членот 3 се предвидува дополнувања на членот 43 од Законот со три нови ставови и бришење на ставот 2. Со овие дополнувања се дефинира максималниот износ на надоместокот што го добиваат членовите на управниот одбор, како и тоа дека основачот со посебна одлука го утврдува износот на месечниот надомест за претседателот и членовите на управниот одбор.<br>Со членот 4 се менува членот 54 со кој дефинира бројот на членови на надзорниот одбор во установите, видот на образование и работно искуство што треба да го исполнуваат членовите на надзорниот одбор. Исто така во овој член се дефинира максималниот износ на надоместок што ќе го добиваат членовите на надзорниот одбор, како и тоа дека основачот со посебна одлука го утврдува износот на надоместок за претседателот и членовите на надзорниот одбор.<br>Со член 5 е пропишано дека започнатите постапки за именување на членови на управни и надзорни одбори до денот на отпочнување со примена на овој закон ќе завршат согласно законот по кој се започнати.<br>Во член 6 се дефинира дека членовите на управни и надзорни одбори именувани до денот на отпочнување на примена на овој закон продолжуваат да ја извршуваат функцијата до завршување на мандатот.<br>Со член 7 се пропишува обврска во рок од шест месеци да се изврши усогласување со законите и одлуките со кои се основани јавните установи, како и подзаконските акти, и статутите на јавните установи со овој закон.<br>Во член 8 е пропишано дека законот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија",а ќе се применува шест месеци од денот во влегување во сила. | këtë nen parashihet ndryshimi e të gjitha ligjeve/vendimeve me të cilët janë themeluar institucionet e veçanta publike, si dhe statutet e institucioneve publike për precizimin më të detajuar të përmbajtjes së thirrjes publike, si dhe procedurën e përzgjedhjes dhe emërimit.<br>Në nenin 42-b udhëzohen të gjithë kandidatët e pakënaqur për ngritjen e kontestit administrativ në përputhje me Ligjin e Kontesteve Administrative.<br>Në nenin 3 parashihen ndryshime në nenin 43 të Ligjit me tre paragrafë të ri dhe fshirjen e paragrafit 2. Me këto ndryshime definohet shuma maksimale e kompensimit që e marrin anëtarët e bordit drejtues, si dhe faktin që themeluesi me vendim të posaçëm përcakton shumën e kompensimit mujor për kryetarin dhe anëtarët e bordit drejtues.<br>Me nenin 1 ndryshohet neni 54 me të cilin definohet numri i anëtarëve të bordit mbikëqyrës në institucionet publike, lloji i arsimimit dhe përvoja e punës që duhet ta përmbushin anëtarët e bordit mbikëqyrës. Gjithashtu në këtë nen përcaktohet shuma maksimale e kompensimit që do ta marrin anëtarët e bordit mbikëqyrës, si dhe faktin që themeluesi me vendim të posaçëm përcakton shumën e kompensimit për kryetarin dhe anëtarët e bordit mbikëqyrës.<br>Me nenin 5 përcaktohet që procedurat e filluara për emërimin e anëtarëve të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundojnë në përputhje me ligjin sipas të cilit janë filluar.<br>Në nenin 6 definohet që anëtarët e bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse të emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdojnë ta kryejnë funksionin deri në përfundim të mandatit.<br>Me neni 7 përcaktohet detyrim që brenda gjashtë muajve të bëhet harmonizim me ligjet dhe vendimet me të cilët janë themeluar institucionet publike, si dhe aktet nënligjore dhe statutet e institucioneve publike me këtë ligj.<br><br>Në nenin 8 përcaktohet se ligji hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërsa do të zbatohet gjashtë muaj nga dita e hyrjes në fuqi. |
| II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ<br><br>Предложените одредби се меѓусебно поврзани и | II. NDËRLIDHJA E ZGJIDHJEVE TË PËRCAKTUARA NË DISPOZITAT E PROPOZUARA<br><br>Dispozitat e propozuara janë të ndërlidhura dhe si të |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

| | |
|---|---|
| како такви прават правна целина и се применливи. | tilla formojnë tërësi ligjore dhe janë të zbatueshme. |
| III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА<br><br>Со предложените решенија за измени и дополнување за Законот за установите ќе се создаде правна рамка со која ќе се придонесе за подигнување на стручноста и професионалноста при управувањето и надзорот врз работењето на јавните установи. Ќе се воспостави мерит процедура при именувањето на членови на управни и надзорни одбори во јавните установи, како и регулирање на постапка во случаи кога има повеќе кандидати за едно место. Овие промени треба да допринесат за поефикасно управување со јавните установи и подобри услуги за граѓаните. | III. PASOJAT QË DO TË DALIN NGA ZGJIDHJET E PROPOZUARA<br><br>Me zgjidhjet e propozuara për ndryshime dhe plotësime në Ligjin e Institucioneve do të krijohet kornizë ligjore që do të kontribuojë në ngritjen e përsosmërisë dhe profesionalizmit gjatë udhëheqjes dhe mbikëqyrjes së funksionimit të institucioneve publike. Do të aplikohet procedurë meritore gjatë emërimit të anëtarëve të bordeve drejtuese dhe mbikëqyrëse në institucionet publike, si dhe rregullimin e procedurës në rastet kur ka më shumë kandidatë për një vend. Këto ndryshime duhet të kontribuojnë në udhëheqjen më efikas të institucioneve publike dhe shërbime më të mira për qytetarët. |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

| ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА УСТАНОВИТЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ | TEKSTI I DISPOZITAVE NGA LIGJI I INSTITUCIONEVE TË CILËT NDRYSHOJNË DHE PLOTËSOHEN |
|---|---|
| Орган на управување<br>Член 42<br>Ако со друг закон поинаку не е определено, органот на управување на установата го сочинуваат претставници на основачот и најмалку една третина од членовите - претставници на стручниот орган доколку со закон е пропишано да се формира таков орган во установата.<br>Органот на управување има најмалку три, а најмногу 15 члена.<br>Бројот, составот, начинот на избор на членовите, траењето на мандатот, надлежноста и начинот на одлучувањето на органот на управување се уредуваат со закон и статутот на установата<br><br>Член 43<br>Член на органот на управување и директор на јавна установа не може да има лично, преку трето лице или по која било основа, интереси во установата кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност во раководењето, односно управувањето со установата. Секој член на органот на управување, односно директор на јавната установа, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај членовите на органот на управување, односно кај директорот.<br>За претседател и член на орган на управување, односно директор на јавна установа не може да биде именувано лице на кое со правосилна одлука му е изречена казна затвор заради кражба, измама, издавање на чек без покритие, злоупотреба на довербата, фалсификат, лажна изјава дадена под заклетва, освен ако му биде избришана осудата, лице на кое со судска пресуда му е забрането вршење на јавна услуга, како и лице кое било член на орган на управување или носител на раководна функција во установа од јавен интерес која престанала со стечај.<br>Неспојливи се функцијата претседател и член на орган на управување, односно директор на јавна установа со функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија, како и со функциите градоначалник на општина, односно на градот Скопје. | Organi drejtues<br>Neni 42<br>Nëse nuk parashikohet ndryshe me ndonjë ligj tjetër, organin drejtues të institucionit e përbëjnë përfaqësues të themeluesit dhe së paku një e treta e anëtarëve - përfaqësues të organit profesional nëse me ligj parashihet që të formohet një organ i tillë brenda institucionit.<br>Organi drejtues ka më së paki tre, ndërsa më së shumti 15 anëtarë.<br>Numri, përbërja, mënyra e përzgjedhjes së anëtarëve, kohëzgjatja e mandatit, kompetencat dhe mënyra e vendimmarrjes së organit drejtues rregullohen me ligj dhe statutin e institucionit.<br><br>Neni 43<br>Anëtar i organit drejtues dhe drejtor i institucionit publik nuk mund të ketë interesa personale, nëpërmjet palës së tretë ose në çfarëdo baze, në institucion që mund të kenë ndonjë ndikim në pavarësinë dhe paanësinë e tij në menaxhimin, gjegjësisht udhëheqjen e institucionit. Secili anëtar i organit drejtues, respektivisht drejtori i institucionit publik, është i detyruar ta paralajmërojë themeluesin për ekzistimin e interesit të tillë midis anëtarëve të organit drejtues, respektivisht drejtorit.<br><br>Për kryetar dhe anëtar të institucionit, ose drejtor i institucionit publik nuk mund të emërohet personi të cilit me vendim të plotfuqishëm i është shqiptuar dënim me burg për vjedhje, mashtrim, lëshim të çekut pa mbulim, abuzim me besimin, falsifikim, deklaratë të rreme të dhënë pas betimit, vetëm nëse i fshihet dënimi, personi të cilit i është ndaluar me vendim gjyqësor kryerja e shërbimit publik, si dhe personi që ka qenë anëtar i organit drejtues ose bartës i funksionit udhëheqës në institucion me interes publik që ka shkuar në falimentim.<br><br>Inkompaktibil janë funksioni i kryetarit dhe anëtarit të organit drejtues, respektivisht drejtorit të institucionit publik me funksionet e kryetarit dhe anëtarëve të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, si dhe me funksionet kryetar i komunës, respektivisht i Qytetit të Shkupit. |

| Орган за внатрешна контрола<br>Член 54 | Organ për kontroll të brendshëm<br>Neni 54 |
| --- | --- |
| За вршење внатрешна контрола на работењето на установата се формира орган за надзор.<br>Органот за надзор има најмалку три, а најмногу пет члена кои ги именува, односно разрешува основачот.<br>За членови на органот за надзор можат да се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од областа на дејноста што ја врши установата.<br>Одредбата на членот 43 од овој закон се однесува и на членовите на органот за надзор. | Për kryerjen e kontrollit të brendshëm të punës së institucionit formohet organ për mbikëqyrje.<br>Organi mbikëqyrës ka më së paku tre, ndërsa më së shumti pesë anëtarë të cilët i emëron, respektivisht shkarkon themeluesi.<br>Si anëtar të organit mbikëqyrës mund të emërohen persona që nuk kanë marrëdhënie pune në institucion, kanë arsim të lartë dhe kanë njohuri dhe përvojë, veçanërisht në fushën e veprimtarisë që e kryen institucioni.<br>Dispozita e nenit 43 të këtij ligji u referohet edhe anëtarëve të organit mbikëqyrës. |